# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.41 од 27.02.2014 година**

### Член 1

Во Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија" број 67/2004, 14/2006, 84/2007, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12 13/13 и 163/13), членот 141 се менува и гласи:

„(1) Со јавната установа национален парк раководи директор кој го именува и го разрешува Владата на Република Македонија.

(2) Јавниот оглас за вработување се објавува во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(3) За својата работа и за работата на јавната установа национален парк, директорот одговара пред Владата на Република Македонија.

(4) Мандатот на директорот трае четири години.

(5) За директор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови, и тоа:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана на вршење на професија, дејност или должност.

3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

4) има минимум пет години работно искуство;

5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода и
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2);

6) има положено психолошки тест и тест за интегритет и

7) поднесе подготвена програма за раководење со установата."

### Член 2

Во членот 136 ставовите (3) и (4) се бришат.

### Член 3

Членот 143-а се менува и гласи:

"(1) Вработените во јавна установа национален парк имаат статус на административни службеници и помошно-технички персонал.

(2) Административните службеници од ставот (1) на овој член се вработените во стручната служба кои вршат работи од административна природа и истите правата и обврските од работен однос ги остваруваат согласно со Законот за административните службеници.

(3) Помошно-техничкиот персонал од ставот (1) на овој член се вработените кои вршат работи на обезбедување, одржување, вршење на превоз, работа во кујна или хотелско - угостителски објекти, како и други помошни и технички работи и истите правата и обврските од работен однос ги остваруваат согласно со Законот за вработените во јавниот сектор и општите прописи за работни односи."

**Член 4**

Членовите 143-б, 143-в, 143-г, 143-д, 143-ѓ, 143-е, 143-ж, 143-з, 143-ѕ, 143-и, 143-ј, 143-к, 143-л, 143-љ, 143-м, 143-н, 143-њ, 143-о и 143-п се бришат.

**Член 5**

Директорот на јавната установа национален парк именуван до денот на започнувањето на примената на членот 1 од овој закон, продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.

**Член 6**

Одредбите на членот 1 од овој закон ќе започнат да се применуваат во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон, освен одредбите кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик кои ќе започнат да се применуваат по две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Одредбите на членовите 3 и 4 од овој закон ќе започнат да се применуваат со денот на започнувањето на примена на Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" број 27/14) и Законот за административните службеници ("Службен весник на Република Македонија" број 27/14).

**Член 7**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за заштита на природата.

**Член 8**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".